**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр.** 02-1204/2
08.10.2018 **година**

**З А П И С Н И К**

од 2-та седница на Надзорен одбор одржана на ден 12.09.2018 година во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На втората седница на Надзорен одбор, одржана на ден 12.09.2018 година, присуствуваа членови на Надозорниот одбор во состав од Претседателот на Надзорен одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски, д-р Зоран Целакоски, д-р Зилбехар Мехмеди, д-р Антонио Жунгалов, д-р Хајредин Сулејмани, Претседателот на стоматолошката комора на Македонија д-р Маријан Денковски, а своето отсуство навремено го најави д-р Сабетин Черкези, кој од оправдани причини не можеше да присуствува и се констатираше дека на седницата има кворум за работа.

На седницата се разгледуваа записниците од последната 11-та седница на Надзорниот одбор и нејзиното продолжение одржани на ден 15.05.2018 година и 24.05.2018 година како и приговорите против Конечната Листа на Делегати од изборите за избрани делегати во Собрание на СКМ објавени од страна на ЦИК, поднесени од РО Прилеп и РО Струга за РО Струга, за РО Чаир, за РО Карпош за кои, членовите од Надзорниот одбор на СКМ констатираа дека истите се невалидни односно ненавремени, како што утврдила со одлука и ЦИК на СКМ затоа што се поднесени против Конечната листа на Делегати од изборите за избрани делегати во Собрание на СКМ која е објавена од страна на ЦИК на СКМ на ден 02.04.2018 година, заведена во архивата на СКМ на 11.04.2018 година. Понатаму видно и од спомenатите записници сеуште постои една ситуација во која според ставот на некои регионални одбори останале неодоговорени работи.

Надзорниот одбор како орган на Стоматолошката комора на Македонија, не е тело кое има надлежност да разгледува било какви собраниски одлуки и да носи заклучоци или одлучува по однос на истите.

Но сепак, во интерес на понатамошното функционирање на Стоматолошката комора на Македонија и во интерес на тоа да се презентира нивниот став до регионалните одбори, Надзорниот одбор на СКМ при разгледувањето на приговорите на седницата го констатираше следново:

По однос на погоренаведеното, составот направи увид во неколку Известувања од Регионални Одбори од Собир на доктори како и Изјави за давање оставки, доставени до Централната изборна комисија на СКМ, како што се Известувањата дадени од страна на РО Карпош - Известување од собир на доктори да при избор на делегати за регион биде запазена етничката рамноправност, поточно од три изгласани делегати едниот да биде етнички

Арх. знак 0203
Рок на чување ШР
08.10 2018 год
Потпис,

албанец, без разлика на добиени гласови, кој предлог е едногласно усвоен и од тој регион е побарано до ЦИК нивната одлука да се испочитува, понатаму Известување од РО Струга од собир на доктори кое се однесува повторно на тоа при избор на делегати за регион Струа-Вевчани биде запазена етничката рамноправност, поточно од двајца изгласани делегати едниот да биде етнички албанец, без разлика на добиени гласови, кој предлог е едногласно усвоен и од тој регион е побарано до ЦИК нивната одлука да се испочитува, а нагласено е и дека оваа пракса РО ја имаше и пред 4 години и тогаш така била спроведувана.

Понатаму направен е увид во Изјавите кои биле доставени тогаш, станува збор за Изјави за оставки , како што е изјавата на д-р Јордан Стојановски како член на РО Карпош дека врз основа на член 15 став 2 кој се однесува на принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во РМ, се откажува од функцијата делегат во собрание, но останува член во РО Карпош, понатаму иста таква Изјава имаат дадено и д-р Никола Деребан РО Струга, д-р Мемед Фејзула и Артан Салиу РО Чаир,Бутел, и Шутка. Истотака направен е увид и во Изјавата на д-р Снежана Стојмановска која се согласува да го препушти местото на делегат во Собрание на СКМ од РО Куманово на Д-р Горанчо Колевски од Крива Паланка согласно одлука на Собир на доктори Куманово, а со која согласност сепак останува да ја извршува функцијата член на нејзин РО. Централната изборна комисија по однос на овие прашања своите одлуки ги има донесено токму врз база на овие изјави од докторите и известувања од РО од Одборот на доктори.

Понатаму во текот на седницата по однос на оваа тема, се разгледа Правилникот за избор и отповикување на членови на регионални одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија, јасно и децидно е нагласено согласно чл.46 од тој Правилник кој може да поднесе приговор поради неправилност во процедурата на кандидирање и постапката за избор и во кој рок.

Врз база на сето ова, членовите на самата седница констатираа дека Верификацијата на мандатите на делегатите во Собранието е во целост согласно внатрешните акти на Комората и законот и истите не се прекршени на штета на нејзините членови.

Надзорниот одбор во продолжение на седницата го разгледуваше записникот од 11-та седница на Надзорниот одбор од 15.05.2018 година, во кој е наведено дека Деловникот за работа на Собранието е прекршен уште при изборот на верификационата комисија, Надзорниот одбор констатираше дека согласно член 7 од Деловникот за работа на Собрание на СКМ, Верфикационата комисија се состои од 3 (три) члена, односно претседател и два члена со мандат од 4 години и предлогот по однос на овие членови се става на изјаснување пред Собрание. На конститутивната седница од 12.04.2018 година да биле избрани 4 (четири) члена наместо (3) три како што предвидува Деловникот за работа на Собранието, но се констатираше дека истиот не може да биде прекршен затоа што самиот избор на поголем број членови на верификациона комисија од предвидениот број во Деловникот не е на штета на СКМ во целина и може да обезбеди дополнителна сигурност во постапката за верификација, а предлогот за бројот на членови бил ставен на гласање и едногласно усвоен од собранискиот состав, што е во потполна корелација и согласност со член 52 од Деловниокот за работа на Собранието на СКМ во кој е предвидено дека Собранието на самата седница може да одлучуа како ќе постапи,а паралелно на ова на продолжениeто на

конститутивната седница од 25.04.2018 година, вакво мислење дал и тогашниот правен застапник на Комората, адвокат Илијовски. Дополнително пак на продолжението на конситутвната седница од ден 08.05.2018 година, еден член од верификационата комисија дал оставка, со што комисијата брои 3 (три) члена.

Во паралела со ова, се направи осврт и на член 57 од Правилникот кој јасно и прецизно одредува под кои услови престанува нечив мандат и истиот може да се констатира дека не е прекршен.

Во однос на записникот од продолжението на 11-та седница на Надзорниот одбор на СКМ од 24.05.2018 година, при увидот во записникот од продолжението на конститутивната седница од 08.05.2018 година, претседателот на Собранието д-р Олвиер Манасиев е избран со јавно гласање, што е во согласност со член 14 став 2 од Деловникот за работа на Собранието, надзорниот одбор е на мислење дека и претходните обиди за избор на Претседател на Собрание направени со тајно гласање се во согласност со Деловникот за работа на Собранието и тоа член 27 став 2 каде е предвидено дека одлучувањето во Собранието се врши со јавно гласање, освен ако собранието не одлучи да биде тајно и согласно член 28 став 9 а во врска со член 52. Видно од записниците од конститутивната седница од 25.04.2018 година предлогот за тајно гласање е ставен на гласање и едногласно изгласан од страна на делегатите со верифициран мандат.

Изјавата пак на адвокатот Илијовски дека тајното гласање не е предвидено во Статутот на СКМ, основно е контрадикторно на неговата изјава на самата седница и неговиот предлог, а и се коси со одредбите на Статутот каде во член 23 став 9 и член 24 е предвидено дека Собранието работи согласно деловникот, а можноста за тајно гласање на Собранието ја дава токму Деловникот за работа на Собранието на СКМ.

Записничар:
**Дипл.правник**
**Ана Бошковиќ**

Претседател на Надзорен одбор на СКМ
**Д-р Ѓорѓи Топузоски**